**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ**

***СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ* И *МЕЃУНАРОДЕН МЕНАЏМЕНТ***

**НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на објавениот конкурс во “Утрински весник” од 03.VI 2008 година за избор на наставник по предметите *стратегиски менаџмент* и *меѓународен менаџмент* на Економскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј „ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 30.VI 2008 година со одлука бр. 02-1876/1 од 30.VI. 2008 година, нѐ избра за членови на Рецензетската комисија.

По проучувањето на пријавата и на другите конкурсни материјали, Комисијата го поднесува следниов рецензентски

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс се пријави само еден кандидат - д-р Љубомир Дракулевски, вонреден професор на стратегиски менаџмент и меѓународен менаџмент на Економскиот факултет во Скопје.

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатот д-р Љубомир Дракулевски е роден на 5.VI 1962 година во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1982/83 година, а дипломирал во 1987 година на прометно-комерцијалната насока. Во 1988 година е избран за помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје по групата предмети од областа на економиката и организацијата на претпријатијата. Во истата година се запишал на постдипломски студии од областа на деловната економија на Економскиот факултет во Скопје и, по успешното полагање на предвидените испити, во 1995 година го одбранил магистерскиот труд на тема: “Стратегискиот менаџмент во претпријатијата”.

Во 1998 година ја одбранил докторската дисертација на тема “Лидерството -